СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА

5

# МЕТОДИЈА КУНОВСКИ

за Битола



## СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**



**Драги битолчани, ,**

Јас сум еден од вас – сопруг, татко на три деца и обичен жител на нашата Битола. Секојдневно се соочувам со истите проблеми како и вие – сообраќаен хаос, загаден воздух, недостиг од зеленило, лош третман на отпадот, ископани улици.

Но, знам дека Битола има огромен потенцијал и можеме да изградиме град што ќе нуди сигурност, надеж и перспектива за сите.

Се кандидирам за градоначалник затоа што верувам дека Битола заслужува да биде модерен, уреден и зелен град, со ред и поредок на секој чекор.

Верувам во вистинските социјалдемократски вредности – слобода, солидарност и еднаквост. Како новинар, 11 години бев вашиот глас и имав храброст јавно да се спротивставувам на проблемите.

Моите приоритети се: чиста и зелена Битола, решен сообраќаен хаос, функционално управување со отпадот и јавни претпријатија коишто ќе бидат сервис за граѓаните, а не бироа за вработување

Секогаш со вас,

**Методија Куновски**

**”ЗАЕДНО ДА ЈА ИЗГРАДИМЕ БИТОЛА СО ВИЗИЈА, РЕД И ИДНИНА!“**

СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!



# Советничка листа на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија и коалицијата за Општина Битола

Ви се обраќаме како соседи, пријатели и граѓани што секојдневно ги делат истите предизвици со вас. Веруваме дека нашата општина мора да биде пристојно, уредено и достоинствено место за живеење, со побезбедни улици за нашите деца, вистинска поддршка за малите бизниси и почиста, позелена околина во која сите ќе дишеме полесно. Не ветуваме чуда – ветуваме чесна работа, посветеност и транспарентност во секоја одлука. Ќе бидеме ваш глас во Советот, глас што нема да се игнорира, туку ќе се слуша и ќе се претвора во дела. Нашата сила е во заедништвото и во вашата доверба, а нашата цел е подобар квалитет на животот за сите. Со вашата поддршка ќе покажеме дека Советот може да биде вистинска алатка во служба на граѓаните. Заедно можеме да изградиме поорганизирана, правична и развиена општина – за нас и за генерациите што доаѓаат.

1. Петар Николовски, р. 1997, инженер по информатички науки и комуникациско инженерство, СДСМ
2. Софија Ристевска Петрушева, р. 1979, театарски режисер, СДСМ
3. Јадранка Павловска, р. 1978, инженер по биотехника, СДСМ
4. Драги Крстев, р. 1976, м-р по меѓународно право, НСДП
5. Александар Дракуловски, р. 1973, инж. по индустриско инженерство и менаџмент, СДСМ
6. Теута Алимовска, р. 1995, медицинска сестра, СДСМ
7. Јане Велкоски, р. 1995, инженер по комјутерски науки, СДСМ
8. Дона Шалевска, р. 2002, управувач со лиценци, ВМРО-Народна партија
9. Благоја Лазаров, р. 1981, м-р по менаџмент на човечки ресурси, СДСМ
10. Тања Николоска, р. 1980, економист, СДСМ
11. Ѓорѓи Ѓоргиевски, р. 1990, маркетинг менаџер, СДСМ
12. Татјана Крнчевска, р. 1974,стручен соработник во образование, 1974, СДСМ
13. Марјан Паревски, р. 1993, музички теоретирач и педагог, СДСМ
14. Антоника Чулаковска, р. 1984, ветеринарен техничар, СДСМ
15. Благојче Атанасов, р. 1976, машински техничар, СДСМ
16. Весна Бошевска, р. 1998, медицинска сестра, СДСМ
17. Бојанчо Лековски, р. 1992, машински техничар, СДСМ
18. Тања Ничков, р. 1981, референт, СДСМ
19. Николче Цилев, р. 1977, електричар, СДСМ
20. Ирена Мацеска, р. 1974, одделенски наставник, СДСМ
21. Горан Паликуќоски, р. 1984, приватен стопанственик, СДСМ
22. Билјана Стојановска - Видимовска, р. 1980, економист, СДСМ
23. Ивица Митревски, р. 1992, ветеринарен доктор, СДСМ
24. Јасмина Пејчиновска, р. 1978, машински техничар, СДСМ
25. Благојче Марковски, р. 1987, компјутерски инженер и фудбалер, СДСМ
26. Моника Балева, р. 2005, графичко инженерство и дизајн, СДСМ
27. Александар Тодорчевски, р. 1975, пожарникар, СДСМ
28. Дајана Крстевска, р. 1967, економист, СДСМ
29. Даниел Бошевски, р. 1998, електротехничар енергетичар, СДСМ
30. Лилјана Ангелевска, р. 1960, пензионер, СДСМ
31. Омер Алиевски, р. 1990, м-р по економски науки, СДСМ

# КАКВА Е СОСТОЈБАТА?!

Нашата држава се наоѓа на сериозна пресвртница. Премногу долго се потиснуваат реалните проблеми зад статистички извештаи и политички декларации. Вистината не може да се крие во розови интерпретации на податоци од разни табели – таа се слуша од гласот на граѓаните, од нивните секојдневни борби, стравови и стремежи.

Ние нема да ги игнорираме тие гласови. Ние ги слушаме, ги разбираме и дејствуваме. Нашата програма нема да се темели врз празни ветувања, туку врз соочување со реалноста, со изгубената надеж од предолгата транзиција на општеството, закочените европски интеграции и сѐ поизразената злоупотреба на власта.

Подолу ги претставуваме клучните предизвици со кои се соочуваме како општество. Време е да се соочиме со нив, без страв и без одлагање.

- **Значајно е намалена безбедноста на граѓаните**
- Здравствени ризици од енормно загадување
- Сообраќајна небезбедност
- Инфраструктурни недостатоци
- Кучиња скитници





## Институционална нефункционалност

- Партизација и слаб институционален капацитет
- Нехумано урбанистичко планирање
- Лошо одржување на инфраструктурата
- Еколошка деградација

## Корупцијата во јавните услуги

- Клиентелизам и непрофесионална јавна администрација
- Узурпации и непланско градење
- Неконтролирана експлоатација на ресурси
- Одолговлекување на постапки, наместо дигитализација

## Економска несигурност и масовно иселување

- Висока инфлација која ги топи платите
- Недоверба во системот
- Несоодветни јавни политики
- Бесперспективност







# НАШИОТ ПРИСТАП

Свесни за состојбите, за разочараноста на граѓаните и за политичката апатија што владее во општеството, храбро ја преземаме одговорноста да бидеме политички медиум преку кој граѓаните ќе можат да го направат посакуваниот целосен рестарт на системот.

Нашиот пристап се базира врз четири клучни столба околу кои би гравитирале сите стратегии, политики и проекти на СДСМ на претстојните локални избори и во време на мандатите на нашите градоначалници и членови на совети, кои ќе имаат реално позитивно влијание врз локалното население.

Ова не е само политичка платформа. Ова е повик за обнова на довербата, на системот, на иднината.



- **Младите во фокусот – Нова парадигма за здрав и одржлив развој**

- Градиме здрави и демократски свесни индивидуи
- Да бидеме поле за здрав и одржлив развој наместо расадник за светот
- Младите се нашата иднина и надеж – лесно достапно домување



## Чиста и здрава животна средина

- Беспрекорна комунална хигиена
- Чист воздух преку справување со изворите на загадувањето
- Расчистување на дивите депонии



## Функционален и безбеден јавен простор

- Хуман урбанизам – резиденцијални и културни/социјални хабови
- Сообраќајна безбедност
- Модерен и лесно достапен јавен превоз
- Зголемена мобилност



## Општини по мерка на граѓаните

- Отворени општини за граѓаните
- Да се слушне гласот на граѓаните
- Отчетни општини – нулта корупција
- Услужни и ефикасни општини



# ШТО НАПРАВИВМЕ НИЕ:

Како локална власт 2017 2021, оставивме резултати и дела, покажувајќи дека може да се работи чесно и одговорно. Го вративме долгот од 14 милиони евра, а на сметката во 2021 година оставивме 6 милиони евра и готови проекти.

- Го реконструиравме Офицерски дом
- Го модернизиравме кино „Манаки"
- Го реализиравме проектот „Smart Culture"
- Ја изградивме северната трибина на стадионот (7 милиони евра)
- Дадовме поддршка за клубови од 123 милиони денари
- Ја донесовме ракометната платформа со што се формира РК Еурофарм Пелистер
- Ја реконструиравме кугланата
- Ги реконструиравме улиците „Крушевска Република", „Климент Охридски", „Рузвелтова" и др., изградивме8 нови улици во АРМ, нови водоводи, канализации
- Воведовме ЛЕД-осветлување преку ЈП „Комуналец", нова механизација во сите јавни претпријатија, основано ЈП „Паркинзи", воведен зонски модел за превоз.
- 2,5 милиони € за замена на печки со инвертери, изградени 6 паркови, колектор и пречистителна станица
- Вложивме 41 милион денари во училишта и спортски сали
- Обезбедивме поддршка за ковид-центарот и за стопанските субјекти погодени од кризата.

# А ШТО (НЕ) НАПРАВИЈА ТИЕ?!

За четири години локална власт, ВМРО-ДПМНЕ ја уништи Битола. Само по основ достасани фактури, општината должи над 4,2 милиони евра. Долгот на јавните претпријатија е околу 3,5 милиони евра, а на училиштата околу50 милиони денари. Ова е само дел она што НЕ направи ВМРО-ДПМНЕ во Битола:

- Не донесоа ниту една нова инвестиција во индустриската зона „Жабени"
- Не ја изградија пречистителната станица и колекторскиот систем
- Не ги реконструираа улиците што ги ветија, како што се булевар „1 Мај", „11 Октомври", „Ј. Османо", „Ј. Сандански"
- Од пет кружни тека, го изградија само кружниот тек кај Ветеринарна. И тој погрешно!
- Не донесоа нов Генерален урбанистички план
- Не го изградија надземниот премин за ученици во Горно Оризари
- Не изработија Катастар на подземна инфраструктура
- Не ја ревитализираа Старата битолска чаршија
- Нема мобилни апликации за плаќање сметки и паркинг
- Нема дигитални автобуски постојки
- Нема Центар за работа со деца со попреченост
- Поранешниот хотел „Битола" не го направија Дом за згрижување на возрасни лица како што гарантираа
- Не го изградија новото основно училиште во Буковски Ливади што го ветија
- Не ги изградија градинките во Касарната и во Нова Битола
- Не воведоа видео мониторинг во училиштата
- Не ја реновираа летната сцена „Тумбе-кафе".



# МОЈАТА ВИЗИЈА

- **Зошто се кандидирате? Што е мотивот?**

Се кандидирам затоа што сум битолчанец којшто цел живот живее овде, сопруг и татко на три деца. Ги гледам истите проблеми што ги гледаат моите сограѓани – сообраќаен хаос, загаден воздух, отпад што секојдневно нè притиска, недостиг од зелени површини и нефункционалните јавни претпријатија. Моја мотивација е моето семејство, но и секој граѓанин што сака подобар живот во Битола. Верувам дека со визија, ред и чесна работа можеме да ја вратиме гордоста на нашиот град.

- **Колку е важно да се има визија за општината, за нејзино подобро функционирање и за нејзин развој. Дали во тој контекст е потребно да се има и визија за општеството во целина?**

Визијата е основа за секој развој. Ако не знаеме каде сакаме да стигнеме,

ќе тапкаме в место. За мене, визија за општината значи јасна слика за тоа како сакаме Битола да изгледа за 5, 10 или 20 години – модерен, уреден и зелен град, со функционален јавен транспорт, со можности за младите, со јавни претпријатија штоќе бидат сервис, а не проблем. Но, визијата не застанува тука – таа мора да биде дел од поширoката визија за општеството. Без праведност, без вреднување на трудот и без систем штого става човекот, пред сè, не можеме да одиме напред.

- **Што е тоа што сметате дека мора да се направи во следниот мандат и натаму? Нешто што ќе направи промена. Дали е доволно да се понудат само инфраструктурни проекти?**

Инфраструктурата е важна, но таа е само алатка, а не цел сама по себе. Патишта, улици и паркови се неопходни, но најважно е да изградиме функционален систем. Потребна е отворена и услужна општина, ни требаат јавни претпријатија штонавистина ќе работат за граѓаните, ќе го собираат отпадот навремено, ќе ги чистат улиците, ќе одржуваат јавни површини. Потребно е решавање на сообраќајниот хаос со нови паркинг-решенија и паметно урбанистичко планирање. Само тогаш инфраструктурата ќе биде основа за вистинска промена.

- **Колку се важни младите за нашата општина?**

Младите се двигателот на секое општество. Ако младите ја напуштат Битола, тогаш иднината на градот е доведена во прашање. Затоа мора да им обезбедиме услови да останат – функционален систем и предвидлива иднина се приоритет. Секако, потребни се современи образовни програми, културни и спортски содржини, креативни и иновациски центри. Млад човек што има работа, простор за креативност и услови за достоинствен живот нема причина да замине. Нашата обврска е да ја направиме Битола град на можности, а не на иселување.

- **Како гледате на општата безбедност на граѓаните? Кои се проблемите и како може да се решаваат?**

Безбедноста е предуслов за квалитетен живот. Денес најчестите проблеми во Битола се хаосот во сообраќајот, несовесното паркирање, недоволната јавна осветленост и запуштените јавни простори. Битола е град во кој автомобилите се на тротоарите, а пешаците на улица. Овие проблеми можатда се решат со јасни урбанистички решенија, со зголемување на јавната безбедност и со подобра соработка со полицијата и институциите. Безбедна Битола значи слободни и мирни граѓани.

- **Дали доброто планирање на просторот и мобилноста се клуч за забрзан развој, но и за поквалитетно живеење?**

**Што сметате дека е неопходно да се преземе во следниот период?**

Секако. Без јасен урбанистички план нема квалитетен развој. Потребни се повеќе паркинг-простори, модернизација на јавниот превоз, велосипедски патеки и пешачки зони. Со тоа ќе се намали сообраќајниот хаос, ќе се заштити животната средина и ќе се подигне квалитетот на живот. Во следниот период мора да воведеме концепт на одржлива урбана мобилност, кој ќе го направи Битола модерен и европски град.

- **Особено во зимските месеци македонските градови се меѓу најзагадените во светот. Во многу места имаме проблем со диви депонии, а граѓаните имаат сериозни забелешки за јавната чистота дури и во најурбаните места. Осудени ли сме сите ние да живееме во ѓубре и отровен воздух?**

Не сме осудени, но мора одговорно да работиме. Битола заслужува чист воздух и чиста околина. Недозволиво е градот што се наоѓа во подножјето на Баба Планина, да се соочува со толку сериозен проблем со години наназад. Овој проблем се решава со цврсти политики. Како новинар имав храброст да носам маска на вести за да ја подигнам свеста за загадувањето. Денес, како кандидат за градоначалник, имам уште поголема одговорност – да преземам мерки за конечно решавање на овој проблем. Чистата животна средина е еден од моите највисоки приоритети.

- **Довербата на граѓаните во системот е на многу ниско ниво, а општата перцепција на јавноста е дека корупцијата цвета во нашата држава. Дали може да ја повратиме таа доверба? Дали подобрувањето на општинските услуги, зголемувањето на транспарентноста и отвореноста на општината кон граѓаните може да даде нова надеж?**

Довербата е темел на секое општество, а кај нас е длабоко нарушена. Корупцијата ја подрива секоја надеж и создава чувство на неправда. Решението е во транспарентноста и отчетноста. Општината мора да биде отворена, со јавни податоци за трошењето на секој денар, со редовни јавни расправи и со механизми граѓаните да го контролираат работењето. Само така ќе ја изградиме довербата и ќе покажеме дека политиката може да биде чесна и одговорна.

- **Иселувањето е еден од најголемите проблеми, а следствено и наталитетот е во драстично опаѓање. Имаме ли иднина без луѓе? Како да ги задржиме луѓето во своите места да продолжат да живеат со перспектива за себе и за своите деца?**

Најголемиот проблем денес е празнењето на нашите градови и села. Ако младите заминуваат, ако семејствата се намалуваат, тогаш нема иднина. Нашата задача е да



создадеме услови за квалитетен живот овде – работа, сигурност, инфраструктура, здравје, култура, спорт и зелени простори. Само така луѓето ќе сакаат да останат. Битола мора да стане град во кој младите гледаат перспектива, а семејствата иднина за своите деца.

- **Зошто граѓаните да гласаат за вас? Што е тоа по што сте различни од другите за да ви ја дадат токму вам довербата?**

Затоа што сум еден од нив. Не сум политичар што живее во канцеларии и кабинети. Јас сум човек што цел живот се борел за вистината, што ги слушал и ги пренесувал проблемите на граѓаните, што имал храброст да каже „доста е“. Она што ме прави различен е искреноста, храброста и визијата. Сакам ред и поредок, општина што работи за граѓаните. Верувам дека Битола може многу повеќе – и токму затоа барам доверба. Заедно со битолчани да изградиме поубава Битола!

**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**

# ЗАЕДНО ДА ГИ МЕНУВАМЕ СОСТОЈБИТЕ!

## 1. Функционален и безбеден јавен простор

- Нов Генерален урбанистички план
- Изработка на подземен катастар
- Урбанизација на околните населени места (Трново, Магарево, Дихово, Ниже Поле, Ротино, Лавци, Боримечка и други)
- Инфраструктурно уредување на населбите Златен Рид, Боримечка
- Фазно решавање на инфраструктурните и комунални проблеми во населбата Баир
- Унифицирање на урбаната опрема согласно со препораките од експертската јавност.

## 1.1 Култура

- Поддршка за локални фестивали, манифестации, уметнички здруженија, културно-уметнички друштва.
- Обнова на поранешните домови на културата во руралните средини.
- Редовно одржување на споменициte од НОАВМ и партизанските гробишта





- Враќање на традицијата на одржување на Средбата на Егејците во потпелистерското село Трново на крајот од јули под покровителство на градоначалникот на Општина Битола
- Поставување спомен-обележја на истакнати битолчани, како што се: Ајри Демировски, Коста Хаџи-Антоновски, Јанаки Манаки, Димитар Илиевски Мурато и други.

## 1.2 Социјална заштита

- Затворени градинки во сите рурални подрачја каде што има потреба, како во село Бистрица, и т.н. „отворени градинки" – мобилни единици во сите други рурални области.
- Субвенции за дете во градинка за самохрани родители со ниски примања.
- Субвенции за полагање возачки испит за самохрани мајки и младинци - деца на самохрани родители со ниски примања.
- Поддршка за здруженијата на лица со попреченост со цел надминување на секојдневните предизвици и бариери.
- Општински фонд за жени претприемачи (грантови, ваучери, менторство и субвенционирање закупнина на деловен простор).

# ЗАЕДНО ДА ГИ МЕНУВАМЕ СОСТОЈБИТЕ!

- Воспоставување партнерство со бизнис-секторот за вработување самохрани мајки и мајки на деца со попреченост со приспособеноработно време.

### 1.3.1 За пензионерите

- Отстапување простор за клубови на пензионери во урбаните и руралните заедници.
- Регистар за општински волонтерски сервис за домашна поддршка на стари, болни и неподвижни лица, кои ќе им помагаат со пазарење, лекарства и основни потреби.
- Субвенционирање на пензионери со ниски примања за престој во општински или приватен дом за стари лица.
- Картичка за пензионери за јавен превоз.

### 2. Здравствена заштита

- Месечна парична поддршка за лицата со ретки болести за терапија и лекови штоне се целосно покриени од државното здравство.
- Месечна парична поддршка за родители/старатели на лица со интелектуална попреченост со цел обезбедување соодветна терапија и/или исхрана.
- Функционален Локален здравствен советштоќе ги планира и ќе ги мониторира здравствените приоритети на локално ниво.

### 3. Животна средина и просторно планирање

- Зелени коридори во сите населби и населени места во Битола
- Маалски паркови на местата на срушените гаражи
- Уредување на Драгор по целото корито на реката од Билбиламен, до Долно Оризари со цел сигурно движење на пешаците и лесно и навремено одржување на коритото
- Амбиентално осветлување на реката

### 4. Енергетска транзиција на Општина Битола

- Инсталирање фотоволтаични системи (и батерии) на сите јавни општински објекти
- Енергетска обнова на колективните станбени згради според претходно утврден правилник
- Финансиска поддршка за замена на азбестни покриви и дотраени лифтови во колективните станбени единици
- Енергетски ефикасно јавно осветлување во  урбаните и руралните населби

- Проширување на топлификацискиот систем.

## 5. Спорт

- Изградба на спортски сали во ОУ „Даме Груев", ОУ „Тодор Ангелевски",СОУ „Таки Даскало"
- Зголемување на поддршката на училишниот спорт
- Изградба на трим-патека за планинско трчање над м.в. Кркардаш
- Реконструкција на Ќумурното игралиште, изградба на настрешница и нова трибина
- Пропорционална и финансиски разумна поддршка на спортските клубови, школи и спортисти - поединци
- Изградба на две балон-сали за мал фудбал
- Изградба на две модерни фудбалски игралишта во поранешната касарна
- Фан-шоп на навивачката група Чкембари на Градското шеталиште.

## 6. Туризам

- Финансиска поддршка за обновување на старите куќи во потпелистерските села и нивно адаптирање во угостителски и објекти за сместување,
- Завршување на колекторскиот систем на отпадни води (хотел „Молика" – Детско одморалиште – с. Трново)
- Воспоставување нова автобуска линија до хотел „Молика" и до Ски-центарот „Ниже Поле"
- Финансиска поддршка за туристичките агенции за промоција на Битола
- Во соработка со НП Пелистер, изградба и уредување на камп со едукативни и рекреативни содржини штоќе може да се користи како населба за дигитални номади.

## 7. Старата битолска чаршија – спој на традицијата и модерното урбано живеење

- Фасадна реставрација на дуќаните, во стил на старо битолско маало
- Финансиска поддршка за занаетчиските дуќани
- Тактилни патеки и пристапност за лица со попреченост.
- Екозелени оази – саксии со цвеќе и дрвца во уличките

# ЗАЕДНО ДА ГИ МЕНУВАМЕ СОСТОЈБИТЕ!

- Редовно чистење и одржување на хигиената.

## 8. Образование

### 8.1 Модерни и безбедни училишта

- Реконструкција на  училишни објекти (санитарни јазли, покриви, поставување рампи, уредување на училниците)
- Инвестиции во дигитална опрема, проектори, смарт-табли и интернет
- Поставување механизми за безбедност во училишните дворови.

### 8.2 Грижа за секое дете

- Дигитализација на уписот на првачињата преку веб-страницата на Општината
- Имплементација на акциски план за ментално и физичко здравје, против врсничко насилство и емоционална поддршка на учениците
- Финансиска награда за талентирани ученици и ученици првенци на училишта
- Паричен надоместок за првачиња





- Спортска униформа за учениците со лого на Општина Битола.

### 8.3 Поддршка за наставниот кадар

Обезбедување финансиски средства за професионален кариерен развој на наставниот кадар

Вреднување на менторството на наставниците и професорите за освоени општински, регионални и државни награди со парична награда.

Стручно образование за работа

Поддршка на дуалното образование во средните училишта во соработка со локални компании

Поддршка на ученички проекти, иновации и претприемаштво

Соработка со невладини организации за проекти и воннаставни активности.

## 2. Сообраќајна безбедност, јавен превоз, (електро) мобилност

### 2.1. Урбана мобилност

- Ревизија на досегашните и, по потреба, донесување нова сообраќајна студија за град Битола со цел регулирање на сообраќајот, особено во централното градско подрачје, како и

# ЗАЕДНО ДА ГИ МЕНУВАМЕ СОСТОЈБИТЕ!

низ тесните и тешко проодни улици во многу градски населби, како и воведување еднонасочен сообраќај.

- Енергетски ефикасен јавен транспорт, преку набавка на нови, еколошки автобуси.
- Ревидирање на возниот ред на автобусите и воведување нови линии, согласно со потребите на граѓаните. Автобусите ќе сообраќаат и во ноќните часови и за време на викенд и во празнични денови.
- Субвенции за вработените во органите, институциите и установите во надлежност на Општина Битола, кои ќе користат јавен превоз до своите работни места.
- Субвенции за јавен превоз за ученици, студенти и пензионери,
- Обезбедување паркинг-простори за мотоцикли
- Нови и подобри велосипедски патеки и премини, како и повеќе паркиралишта за велосипеди во урбаните населби.
- „СМАРТ паркинг Битола" – паметни сензори и апликација за следење на слободни паркинг-места во реално време.
- Изградба на тактилни патеки, поставување звучни семафори, пристапен јавен превоз и современи дигитални решенија, со цел слепите лица да се движат слободно и безбедно низ градот.
- Нивелирање на јавните површини и изградба на пристапни рампи за непречено движење на лицата со инвалидитет.

## 2. Чиста и здрава животна средина

Правото на чиста и здрава животна средина е основно граѓанско право и предуслов за подобро здравје и квалитетен живот. Затоа, СДСМ ќе воведе механизми (редовни јавни дебати и форуми за еколошките теми) со кои ќе овозможи поголема вклученост на граѓаните во локалните екополитики, во партнерство на граѓански организации, научни и стручни институции.

### 2.1 Комунална инфраструктура

Изградбата и одржувањето на комуналната инфраструктура е мотор за урбаниот развој и подобрување на квалитетот на животот на граѓаните во Општина Битола. Таа е клучен фактор за развој на еколошки, економски и социјално одговорна општина. Првото нешто што ќе направиме по преземањето на локалната власт е темелно и целосно чистење на градот!

Понатаму, се залагаме за:

- Редовно и темелно чистење на улиците, со нови модерни машини за одржување на хигиената во градот.
- Редовно одржување на улиците, преасфалтирања со гребење и ставање нов асфалт по цел профил, а не парцијално крпење, за што службите на Општина Битола ќе изготват правилник.
- Формирање т.н. комунална полиција, која заедно со комуналните инспектори и екопатроли ќе презема мерки против сторителите на штетни активности.
- Засилени контроли и казни за уништувачите на комуналната опрема.

## 2.2. Општина без отпад

Општината Битола, која е надлежна за управувањето со комуналниот отпад и другите видови неопасен отпад, има несоодветното управување со создадениот отпад согласно со принципите на циркуларна економија. Затоа во наредните четири години ќе воведеме:

- Сосема нов модел за управување со отпадот преку воспоставување општински центар за управување со отпадот, односно воведување систем за примарна селекција, реупотреба и рециклирање на неорганскиот комунален отпад како и соодветен третман на биоразградливиот отпад;
- Воспоставување три собирни центри (за градежен шут, габаритен отпад, отпадна електрична и електронска опрема).
- Активно вклучување на граѓаните во процесот на подигнување на јавната свест за правилно собирање и селектирање на отпадот, како и воведување економски стимулативни мерки за домаќинства што селектираат отпад.
- Поставување подземни контејнери по примерот на улицата „Васко Карангелески", секаде каде што има можност за тоа.
- Расчистување на дивите депонии и утврдување одговорност за нивно создавање.

## 2.3 Чист воздух преку справување со изворите на загадувањето

Се залагаме за решавање на овој сериозен проблем преку:

- Зајакнување на капацитетите и зголемување на бројот на извршители во Одделението за заштита на животната средина;
- Зголемени контроли на инсталациите со Б-интегрирани еколошки дозволи и елаборати за заштита на животната средина;
- Поставување 25 нови мерни станици за индикативно мерење на воздухот и развој на мобилна апликација со јавни податоци во реално време;

# ЗАЕДНО ДА ГИ МЕНУВАМЕ СОСТОЈБИТЕ!

- Субвенционирање за замена на системи за греење со инвертер-клими и пелети;
- Целосно покривање на трошоците за поставување филтри на оџаците од печки кои согоруваат дрва
- Проширување на велосипедскиот сообраќај преку изградба и проширување на велосипедска инфраструктура.

## 2.4 Управување со водите

Загадувањето на водите во Битола е директна последица одиспуштање непречистени индустриски и комунални отпадни води. Од друга страна, системот за водоснабдување има загуби од 59%, што укажува на дотраеност и неефикасност.

Локалната самоуправа предводена од СДСМ ќе се залага за:

- Интегрирано управување со водите во општината со цел покривање на сите населби со систем за водоснабдување и намалување на загубите во водоводните системи;
- Евидентирање и одржување на постојните бунари за наводнување на јавните површини,
- Модернизирање на постојните системи за наводнување преку задолжително воведување на системот „капка по капка";
- Воведување паметен систем за користење на водата за пиење на градски чешми и јавни фонтани;
- Замена на старите и дотраени водоводни цевки;
- Спроведување активности за подигнување на јавната свест за користење води за пиење и управување со отпадни води.

## 2.5 Урбано зеленило

Урбаното зеленило во Битола е алармантно ниско – само 6,9 $м^2$ на жител наместо препорачаните 25 $м^2$. Јавните зелени површини зафаќаат околу 7 ha, што е помалку од 1% од градскиот опфат. Недостигот на зеленило е особено изразен во централното подрачје.

Локалната самоуправа предводена од СДСМ ќе се залага за:

- Донесување и спроведување на стратегија за развој на зеленилото за општината, основен план за планирање, проектирање, подигање, одржување, заштита и реконструкција на зеленилото и годишна оперативна програма за подигање и одржување на зеленилото;

- Формирање урбани зелени коридори во градот;
- Формирање ботаничка градина во Нова Битола (во просторот меѓу населбите Ремо и Брусничка), со дрвја и растенија карактеристични за збратимените градови на Битола;
- Подигнување на т.н. „локални паркови“
- Формирање зелени заштитни појаси околу градот.

## 3. Општини по мерка на граѓаните

### 3.1 Отворени општини за граѓаните

- Воведување на концептот „Општината на терен“, со кој службеници од општинската администрација ќе бидат присутни во дисперзирани канцеларии во урбани и рурални заедници за да даваат информации и услуги. Со оваа диверзификација на ресурсите на општината граѓаните ќе заштедат и време и пари во обидот да ги добијат услугите во надлежност на Општина Битола.
- Доделување општински простор на користење без надоместок на невладини организации и здруженија.

### 3.2 Дигитална трансформација

Нашата визија за дигитална трансформација на локално ниво е создавање модерни, отворени и иновативни општини, кои преку дигитални алатки и услуги ќе го подобрат квалитетот на живот на граѓаните.

- Електронски систем за упис во прво одделение
- Електронска и јавно достапна листа на чекање за упис во градинките
- Дигитален возен ред на автобуските постојки
- Дигитални инфотабли на клучни точки со јавни известувања, културни и туристички содржини.

### 3.3 Да се слушне гласот на граѓаните

Формирање контакт-центар штоќе обезбеди брза, ефикасна и достапна комуникација 24/7 за пријавување проблеми и добивање информации.

Во контакт-центарот граѓаните ќе можатда пријавуваат проблеми од:

- јавна чистота (ѓубре, улични контејнери)
- инфраструктура (улици, улично осветлување, сигнализација)
- комунални проблеми (вода, канализација)
- јавен ред и мир (оштетени јавни површини, небезбедни состојби).

### 3.4 Отчетни општини – Нула корупција

Најдобро оружје во борбата со корупцијата е транспарентноста. Затоа ќе обезбедиме:

# ЗАЕДНО ДА ГИ МЕНУВАМЕ СОСТОЈБИТЕ!

- Целосна и темелна ревизија на досегашното работење на Општина Битола
- Транспарентна распределба на буџетските средства
- Јавни конкурси со објавени критериуми, бодови и членови на комисиите, достапни на веб-страницата на општината.

### 3.5 Дигитална трансформација - Подобрување на транспарентноста и отчетноста

- Дигитален општински буџет во реално време (по примерот на Open finance);
- Електронски достапен регистар на движни и недвижни ствари во сопственост на Општина Битола на општинскиот-веб портал;
- Увид во јавните набавки.

### 3.6. Услужни и ефикасни општини

Поради недоволната кадровска екипираност изастарениот Правилник за внатрешна организација, општинската администрација и локалните инспекциски служби не можат целосно да ја извршуваат својата работа, а граѓаните ја чувствуваат последицата – недоволен надзор и недоволна заштита на јавниот интерес. Предлагаме:

- Реорганизација на Општина Битола согласно со насоките од спроведената функционална анализа од септември 2022 година;
- Зголемување на капацитетите на одделенијата;
- Формирање на две нови одделенија во општинската администрација:
  - Одделение за искористување на странски фондови и,
  - Одделение за еднакви можности.

### 3.7 Јавни услуги

Освен Општина Битола, најголем давател на јавни услуги за граѓаните се јавните претпријатија. Поради недомаќинското работење во изминатите четири години, јавните претпријатија заклучно со крајот на август должат 3,5 милиони евра. Затоа ќе спроведеме:

- Темелна и целосна ревизија на работењето на јавните претпријатија и утврдување одговорност за настанатата ситуација
- План за финансиска консолидација на претпријатијата

- Доследно почитување на Законот за јавните претпријатија при изборот на членови во управните и надзорните одбори на јавните претпријатија. Наша долгогодишна заложба е јавните претпријатија да бидат управувани од еснафи и професионалци, избрани на јавен оглас од страна на комисија за селекција (член 17-а)
- Реорганизација и оптимизација на ресурсите во јавните претпријатија
- Набавка на нова, неопходна опрема за редовно и квалитетно давање услуги за граѓаните
- Набавка на дрон(ови) за следење шумски пожари и контрола на депонирањена отпадот
- Набавка на балон за спасување за ТППЕ Битола.

## 3.8 Соработка со бизнис-заедницата

Поддршката на бизнис-заедницата од страна на Општина Битола мора да се реализира систематски, преку мерки штоќе го олеснат работењето на фирмите и ќе го поттикнат локалниот економски развој. Ќе ги преземеме овие чекори:

- Подобрување на деловната клима преку намалување на административните бариери
- Дигитализација на услуги за фирмите,
- Субвенции за иновации, зелени технологии и енергетска ефикасност.
- Инфраструктурна поддршка
- Континуиран дијалог со бизнис-заедницата
- Партнерство меѓу општината и бизнис-секторот за заеднички иницијативи.

## 3.9 Соработка со збратимените градови и конзуларни претставници во Општина Битола

Битола во моментов не го оправдува епитетот од минатото „град на конзулите“. Нашата локална власт ќе практикува размена на искуства за заеднички проблеми и предизвици со збратимените градови и редовни средби со битолските конзули.

## 3.10 Соработка со верските заедници

Соработката на Општина Битола со верските заедници е од особено значење затоа што тие претставуваат важен дел од општествениот и културниот живот на градот. Преку заеднички иницијативи и проекти, заедно со верските заедници ќе работиме на зачувување на културното наследство, поддршка на ранливи категории граѓани и јакнење на заедничките вредности, што директно придонесува за хармоничен и одржлив развој на локалната заедница.

# ЗАЕДНО ДА ГИ МЕНУВАМЕ СОСТОЈБИТЕ!

### 3.11 Рурален развој

СДСМ ќе работи за развој на секое село во Општина Битола, приспособувајќиги проектите според нивните уникатни потенцијали.

- Развивање на „Селото како искуство" – промовирање автентична и атрактивна туристичка понуда;
- Создавање услови за развој на агротуризмот, преку спојување на традиционалното земјоделство со туристички активности;
- Креирање бесплатен онлајн каталог (на веб-страницата на општината) со сите локални земјоделци, занаетчии, пчелари и мали бизниси каде штотие ќе можат да ги рекламираат своите производи.

### 3.12 Поддршка на земјоделството

Локалната самоуправа предводена од СДСМ активно ќе поддржи одржлив, конкурентен и иновативен земјоделски сектор, кој ќе ја зголеми економската стабилност на руралните средини, ќе го зачува природното богатство и ќе овозможи подобар квалитет на живот за земјоделците и нивните заедници:

- Поддршка за организирање земјоделски и гастрономски саеми за директна продажба и маркетинг на производите.
- Поддршка за изработка на локални брендови (пр.,пелистерско сирење, цапарски компир, буковска пипер, бистрички праски и сл.).

## 4. Младите во фокусот - Нова парадигма за здрав и одржлив развој

### 1. Да градиме здрави и демократски свесни индивидуи

Младите во Битола се наоѓаат во специфична положба – од една страна градот нуди богато културно и образовно наследство, универзитет, уметнички и спортски клубови, а од друга страна, тие се соочуваат со предизвици, како што се ограничени можности за вработување, недоволна поддршка за претприемаштво и потреба од современи простори за креативно и продуктивно изразување.

- Активно вклучување на младите во носењето одлуки од локално значење преку Локалниот младински совет,
- Поддршка за стартапи и иновативни идеи,
- Повеќе можности за работа и практика во локални компании,
- Поддршка за младински организации и неформални групи.

## 2. Социјална заштита

Младите се меѓу најзагрозените категории кога станува збор за невработеност, миграција и социјална исклученост. Затоа СДСМ се залага  за:

- Ослободување од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на индивидуални куќи, наменето за млади лица и брачни другари до 35 години.
- Субвенционирање за возачка дозвола за млади до 26 години(категорија Д и Ц).
- Финансиска помош на студенти запишани во прва година на Универзитетот УКЛО од социјално ранливи категории.

Менталното здравје кај младите е сè почувствително прашање поврзано со насилство, стрес и недостигод поддршка. Затоа се фокусираме на зајакнување на капацитетите:

- Младинско советувалиште со психолози, логопеди и правни советници,
- Јавна едукативна кампања за спречување на врсничкото насилство во соработка со надлежните институции,
- Финансиска поддршка на здруженија штого промовираат здравиот начин на исхрана на населението со цел намалување на дебелината.

## 3. Наместо расадник за други држави, да бидеме поле за здрав и одржлив развој

Нашата цел е да се создадат еднакви шанси за учениците и младите преку директна финансиска поддршка:

- Ваучери за поддршка на едукативниот развој на младите;
- Финансиска и институционална поддршка за млади истражувачи;
- Воведување практиканска програма за студенти во Општина Битола со цел поддршка и привлекување млади кадри во општината.

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

## ▪ Зелени бели дробови во срцето на Битола

НПроектот „Зелени бели дробови во срцето на Битола“ предвидува трансформација на Плоштадот „Гоце Делчев“ и околината во модерен, зелен и пешачки простор. Плоштадот и пешачкиот коридор на потегот од крстосницата кај Гроздот до Пелагонка 2, од Градскиот часовник до Тумбе-кафе и од зградата на Македонска пошта до кафулето „Порта џез“ ќе бидат преполни со дрвја, цветни леи и тревници, создавајќи вистински „бели дробови“ на градот. Просторот ќе биде пешачка зона со ограничен пристап само за сервисни возила, со соодветна урбана опрема. Со соларно осветлување, еколупи и внимателно одржувано зеленило, овој плоштад и пешачки коридори ќе обезбедат безбеден, пријатен и еколошки јавен простор за граѓаните и посетителите на Битола.

**Влијание на проектот:**
Зголемување за неколку проценти на зеленилото во Битола, особено во централното градско подрачје, намалување на загадувањето од возилата и подобрување на квалитетот на амбиенталниот воздух, намалување на бучавата.

**Целна група:**
Сите граѓани и посетители на Битола

**Рок на реализација**
2027 година

**Буџет**
3 милиони евра





## Современи паркинг-решенија и воведување систем на еднонасочниулици

Проектот има цел да го оптимизира сообраќајот во градот преку воведување систем на еднонасочниулици, со што ќе се зголеми безбедноста и флуидноста на сообраќајот, ќе се намали метежот и ќе се подобри мобилноста на граѓаните. Во рамките на проектот ќе се изградат современи мултиниво-паркинзи, кои ќе обезбедат повеќе паркинг-места, ќе го ослободат јавниот простор и ќе ги ослободат улиците од хаотично паркирани возила. Со интегрирани решенија за пешаци, велосипедисти и возила, овој проект го прави градот поурбан, функционален и пријатен за сите граѓани.

**Влијание на проектот:**
Ќе ја оптимизира сообраќајната мрежа во градот, намалувајќи го метежот и зголемувајќи ја безбедноста за пешаците и велосипедистите. Овој проект ќе ги подобри урбаната инфраструктура, квалитетот на животот и еколошката состојба на градот, поттикнувајќи современ, функционален и пријатен јавен простор за граѓаните.

**Целна група:**
Сите граѓани и посетители на Битола

**Рок на реализација**
2029 година

**Буџет**
2 милиони евра

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

## ■ Современ превоз за достапна и чиста Битола

Проектот за модернизација на јавниот превоз предвидува набавка на 20 нови екоавтобуси, ревизија на автобуските линии и поставување современи автобуски постојки со дигитален приказ на ред на линиите. Ќе се овозможи вклучување во јавниот транспорт и на жителите во руралните средини, како и сообраќај во вечерните часови, викенди и празници. Проектот ќе ја намали емисијата на штетни гасови и бучавата од возилата, ќе ја подобри урбаната мобилност и ќе поттикне користење јавен транспорт, што директно придонесува за почист и поодржлив град.

**Влијание на проектот:**
Граѓаните ќе имаат подобрена достапност, сигурност и редовност при патувањата, помалку време ќе поминуваат во чекање и сообраќаен метеж.

**Целна група:**
Сите жители на Скопје

**Рок на реализација**
2029 година

**Буџет**
8 милиони евра





## Фабрика за селекција, реупотреба и рециклирање на неоргански комунален отпад и третман на биоразградливиот отпад

Воведување на сосема нов модел за управување со отпадот преку воспоставување општински центар за управување со отпадот, односно воведување систем за примарна селекција, реупотреба и рециклирање на неорганскиот комунален отпад, како и соодветен третман на биоразградливиот отпад.

**Влијание на проектот:**
Проектот ќе има значајно позитивно влијание врз животната средина и заедницата, со тоа што ќе ја намали количината на депониран отпад, ќе го зголеми процентот на рециклиран и реупотребен материјал и ќе овозможи одржливо управување со органскиот отпад преку производство на компост и биогас.

**Целна група:**
Сите граѓани на Битола

**Рок на реализација** 2028 година
**Буџет** 6 милиони евра

# ПРОЕКТИ

## Изградба/адаптација на Дневен центар за лица со попреченост

Проектот предвидува формирање и функционирање на Дневен центар за лица со попреченост, со цел да се обезбеди сеопфатна дневна поддршка, нега, едукација и социјална инклузија за деца и возрасни со различен тип и степен на попреченост. Центарот ќе овозможи пристап до специјализирани услуги, ќе ја олесни интеграцијата во заедницата и ќе го подобри квалитетот на животот на лицата со попреченост и нивните семејства.

**Влијание на проектот:**
Подобрена благосостојба и функционална независност на корисниците, социјална вклученост, зголемена поддршка за семејствата и старателите.

**Целна група:**
Деца, млади и возрасни лица со интелектуални, физички, сензорни или комбинирани попреченост и нивните семејства/старатели

**Рок на реализација** 2027 година
**Буџет** 300.000 евра

## Реконструкција на објектот „ПАРК"

Во првиот дел од објектот е предвидена информацискаточка (i-point) за туристите каде што ќе се информираат за знаменитостите на Битола, ќе користат бесплатен интернет и ќе добиваат туристичка брошура од градот. Во вториот дел се наоѓа Сувенирница со униформирани сувенири за Битола. Во третиот дел е кафетеријата, а во четвртиот се наоѓа галерија,која може дасе користи за различни културно-едукативни настани.

**Влијание на проектот:**
Се заокружува споменичната целина на Офицерски дом, а објектот би станал модерен симбол на Битола и пример за одржлива урбана обнова.

**Целна група:**
Туристи штоја посетуваат Битола, изработувачи и продавачи на сувенири (занаетчии), туристички работници, угостители, млади

**Рок на реализација** 2028 година
**Буџет** 700.000 евра





# Адаптација/изградба на нов старски дом во Битола

Адаптација/изградба на модерен социјално-здравствен центар, кој не е само место за згрижување туку и за квалитетен, активен и достоинствен живот на повозрасните лица. Домот би располагал со сместувачки капацитет за 120–150 лица, медицински блок, дневни соби и сали за активности, ресторан и кујна, капела/простор за духовни потреби и надворешна градина и парк со патеки, клупи и зона за релаксација.

**Влијание на проектот:**

Зголемен квалитет на живот на повозрасните лица, поддршка за семејствата што не можат да обезбедат 24/7 грижа, нови работни места, подобрен имиџ на Битола како град што се грижи за сите генерации.

**Целна група:**

Пензионери и нивни семејства

**Рок на реализација**

2029 година

**Буџет**

3 милиони евра (Општина Битола, Министерство за труд и социјална политика, Европски фондови за социјална инфраструктура)

# ПРОЕКТИ

## Комплетнареконструкција и реставрација на рекреативната зона Тумбе-кафе

Целта е враќање на сјајот на ова култно место за битолчани со различни содржини адекватни за сите возрасти. Проектот има цел создавање современ, одржлив и атрактивен простор штоќе ги спои природата, спортот, културата и туризмот. Со уредени пешачки и велосипедски патеки, спортски и детски игралишта и зони за пикник, ќе се поттикне активен и здрав живот.

**Влијание на проектот:**
Збогатување на социјалниот, културниот и рекреативниот живот на градот, како и збогатување на туристичката понуда.

**Целна група:**
Граѓаните и туристите

**Рок на реализација** 2028 година
**Буџет** 4 милиони евра

## Реконструкција на Зоолошката градина во Битола

Целта е битолската зоолошка градина да стане модерен, европски стандардизиран зоолошки парк штоќе нуди подобра грижа за животните,образовно искуство за децата и ќе биде туристичка атракција за градот. Со реконструкцијата на Зоолошката градина, Битола ќе добие современ, одржлив и едукативен простор штоќе овозможи подобри услови за животните и ново рекреативно и културно место за граѓаните и посетителите.

**Влијание на проектот:**
Проектот ќе придонесе за зголемување на туристичката привлечност на градот, поттикнување на еколошка свест и образовни активности, како и зајакнување на локалната економија.

**Целна група:**
Населението на Битола, околните градови, како и туристи.

**Рок на реализација** 2028 година
**Буџет** 3.000.000 евра





## Реконструкција на градските зелени пазари во Битола

Визијата е градските пазари да станат „современи урбани агроцентри", кои ги спојуваат традицијата на Битола со европските стандарди за хигиена и функционалност. Проектот предвидува реконструкција и изградба на нови павилјони со современ дизајн, покривни конструкции со природна вентилација и соларни панели, уредени пешачки патеки со противлизгачки плочи и пристап за лица со попреченост, паркинг-зона со екозеленила.

**Влијание на проектот:**
Подобри услови за локалните продавачи и зголемена продажба, пристојни хигиенски и санитарно исправни услови за продажба и купување на производите, развој на локалната економија.

**Целна група:**
Граѓани и посетители на Битола

**Рок на реализација** 2028 година
**Буџет** 4,8 милиони евра

## Формирање јавно претпријатие за благосостојба на бездомните животни

Формирањето јавно претпријатие за бездомни животни ќе ја подобри грижата за животните, но и ќе придонесе за јавната хигиена и имиџот на градот. Јавното претпријатие ќе обезбеди хумана грижа за бездомните животни, а прв чекор ќе биде субвенции за микрочипирање на домашни миленици.

**Влијание на проектот:**
Подобра безбедност и хигиена во градот, подобрен имиџ на Битола како модерен, еколошки и хуман град.

**Целна група:**
Населението на Битола.

**Рок на реализација** 2027 година
**Буџет** 500.000 евра

# ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ – СО ВЛИЈАНИЕ ВО СЕКОЈА УРБАНА И МЕСНА ЗАЕДНИЦА

- **УЗ „Јонче Мурџевски“**

1. Смирувачи на сообраќај на улица „Методија Андонов-Ченто“ во Брусничка
2. Пешачки патеки и урбана опрема во делот покрај каналот на улица „Јадранска“
3. Реконструирани, осветлени, обележани и чисти улици во населбата

- **УЗ „Ѓорги Сугарев“**

1. Решавање на проблемот со канализацијата на булевар „1-ви Мај“ (кружен тек Црн Мост)
2. Решавање наканализацискиот одвод на ул. „Драгорска“
3. Решавање на проблемот со одводна ул. „Илинденска“
4. Решавање на проблемот со притисокот на водата на улица „Илинденска“ со кој се соочуваат од 2023 година
5. Комунална инфраструктура и асфалтирање на улица „7-ма бригада“
6. Решавање на проблемот со таканаречните скривници на ул. „Кирил Пејчиновиќ“ (населба Баир)
7. Поплочување со бехатон-плочки на ул. „Девеани“
8. Подобрување на уличното осветлување и поголема хигиена на улиците во населбата
9. Нов детски парк

- **УЗ „Блаже Рогозинаро“**

1. Целосна реконструкција на ул. „Маркс и Енгелс“и решавање на проблемот со паркирањето
2. Реконструкција на ул.„Блаже Рогозинаро“
3. Смирување на сообраќајот на булевар „1-ви Мај“ пред ООУ „Св. Кирил и Методиј“

- **УЗ„Стево Патако“**

1. Комплетна реконструкција на ул. „Христо Ботев“
2. Уредување на сообраќајот и брзината на возилата на ул. „Солунска“
3. Партерно и хортикултурно уредување на просторот околу зградите и детскиот парк кај зградите Стара болница
4. Решавање на проблемот со паркирањето кај зградите Стара болница
5. Партерно и хортикултурно уредување на паркот пред МЗ „Стево Патако“

- **УЗ „Ѓорѓи Наумов“**

1. Кошаркарско игралиште кај градинката „Коца Василева“
2. Целосна реконструкција на ул. „Мирка Гинова“, поврзување со ул. „Солунска“
3. Сообраќајно, инфраструктурно, партерно уредување на пристапните патеки штоги поврзуваат ул. „Мирка Гинова“ и „Михајло Андоновски“ (кај кулите кај Техничкото училиште )
4. Реконструкција на преминот штоги поврзува ул.„Мирка Гинова“ и „Борис Буџевски“
5. Обновување и редовно одржување на детскиот парк на ул.„Борис Буџевски“

- **УЗ„Гоце Делчев“**

1. Реконструкција на ул. „Минела Бабуковски“, ул. „Арон Ароести“ и ул. „Цане Бујуковски“
2. Ново, модерно детско игралиште со спортски терени
3. Уредување и осветлување на просторот кај т.н. „скалички“,кои ја поврзуваат населба Стрелиште со населба Ушици
4. Реконструкција на ПУ „Тодор Ангелевски“

- **УЗ„Елпида Караманди“**

1. Зелен коридор од мостот на реката Драгор до ООУ „Коле Канински“
2. Уредување на паркинг-местата во населбата
3. Уредување на зелените површини
4. Метални столбови на тротоарите на ул. „4-ти Ноември“

- **УЗ„Васко Карангелевски“**

1. Целосна реконструкција на ул. „Романија“ и ул. „Ѓорѓи Стерјовски – Џоџа“
2. Партерно и хортикултурно уредување на површините околу зградите
3. Целосна реконструкција на ул.„13 Јули“, ул. „22 Јули“ и ул. „4 Јули“
4. Нова канализациска мрежа и асфалтирање на споредните улици во населба Довлеџик
5. Уредување на просторот кај поранешните гаражи на ул. „Борис Кидрич“ со соодветна урбана опрема
6. Подземни контејнери на соодветни локации

- **УЗ„Кочо Десано“**

1. Реконструкција на ул.„Охридска“
2. Редовно одржување  на паркот „Стив Наумов“ (осветлување и хигиена)
3. Партерно и хортикултурно уредување на паркот кај Црн Мост
4. Реконструкција на ул.„Цар Самоил“

- **УЗ„Коле Лачето“**

1. Детски парк во просторот на дворот на „Трета реонска“
2. Реконструкција на месната заедница „Коле Лачето“
3. Подземни контејнери во населбата Областа
4. Уредување на дрворедот на ул.„Солунска“

- **УЗ „Тодор Ангелевски“**

1. Подобрување и одржување на уличното осветлување
2. Партерно и хортикултурно уредување на просторот кај Бела Чешма
3. Реконструкција на ул.„Благојче Сиљановски“
4. Подземни контејнери на неколку локации во урбаната заедница

# ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ – СО ВЛИЈАНИЕ ВО СЕКОЈА УРБАНА И МЕСНА ЗАЕДНИЦА

- **УЗ„Коле Канински“**

1. Реконструкција на улиците „Коле Канински“, „Кичево“, „Црвена вода“, „Кочо Палигора“
2. Уредување на дрворед на ул.„Солунска“
3. Реконструкција на објектот на УЗ „Коле Канински“

- **УЗ „Даме Груев “**

1. Решавање на проблемот со канализациската мрежа
2. Инфраструктурно уредување на игралиштето (монтажна мини трибина) и зелен коридор
3. Реконструкција на улици
4. Реконструкција на објектот на УЗ
5. Решавање на проблемот со уличното осветлување

- **УЗ„Горно Оризари“**

1. Детски парк
2. Редовно одржување на уличното осветлување
3. Пренамена на објектот стара пошта во градинка, амбуланта или друго согласно со потребите на жителите
4. Асфалтирање на улиците

**5. УЗ „Панде Кајзеро“**

1. Уредување на коритото од водниот канал и решавање на проблемот со ѓубриштата во населба Стрчин
2. Реконструкција на ул.„Ѓорги Наумов“
3. Уредување на зелените површини во населбата
4. Подземни контејнери кај „5-те згради“
5. Младински парк
6. Редовно одржување на уличното осветлување
7. Детски парк во населба Стрчин

- **УЗ „Естреа Овадија Мара“**

1. Реконструкција на улиците „Борис Стрезов“, „Риека“ и „Мукос“
2. Редовно одржување на уличното осветлување
3. Подземни контејнери во УЗ

- **УЗ„Вељко Влаховиќ“**

1. Нова канализациска и водоводна мрежа на улица „8-ма“
2. Редовно одржување на уличното осветлување
3. Подземни контејнери на повеќе локации
4. Реконструкција на улиците во населба Градчето Пејтон

- **УЗ „Таки Даскало“**

1. Нова канализациска мрежа на ул.„Бихаќ“
2. Редовно одржување на уличното осветлување
3. Реконструкција на ул.„Дебарска“
4. Уредување на просторот кај месноста Чинарот
5. Реконструкција на објектот на урбаната заедница

- **УЗ„Димо Хаџи Попов“**

1. Уредување на ул.„Солунска“ и поврзување со улицата кај фабриката „Идеал шипка“
2. Реконструкција и асфалтирање улици во населбата Боримечка
3. Реконструкција на втор дел од ул.„Индустриска“ бб до Новачки пат
4. Инфраструктурно и комунално уредување на ул.„Солунска“ 369

- **УЗ„Александар Турунџев “**

1. Реконструкција и асфалтирање улици во урбаната заедница
2. Подземни контејнери кај зградите „Хеликоптер“, „Кифлата“и „Кулите“
3. Уредување на зелените површини во УЗ
4. Реновирање на објектот на УЗ

- **УЗ„Стив Наумов“**

1. Уредување на влезовите во Буковска населба
2. Нов детски парк
3. Реконструкција на улици во населбата
4. Уредување на зелените површини во УЗ
5. Реновирање на објектот на УЗ

- **УЗ„Димитар Влахов“**

1. Реконструкција на улици во населбата
2. Одржување на уличното осветлување
3. Уредување на зелените површини во УЗ

- **УЗ„Борис Бастеро“**

1. Реконструкција на ул.„Наум Наумовски-Борче“
2. Одржување на уличното осветлување
3. Уредување на зелените површини во УЗ
4. Подземни контејнери во УЗ
5. Целосна реконструкција на објектот на УЗ

- **УЗ„Вангел Мајоро“**

1. Реконструкција на улиците во УЗ
2. Одржување на уличното осветлување
3. Уредување на просторот (кај поранешно УЈП)

- **Села од реонот на поранешна Општина Бистрица**

1. Редовно одржување на уличното осветлување во селата
2. Решавање на проблемот со водоснабдување во селата
3. Одводен канал за атмосферски води и нивно чистење во с. Кравари
4. Реконструкција на улици во селата
5. Ставање во функција на градинката во с. Бистрица

# ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ – СО ВЛИЈАНИЕ ВО СЕКОЈА УРБАНА И МЕСНА ЗАЕДНИЦА

- **Села од реонот на потпелистерските села**

1. Редовно одржување на уличното осветлување
2. Решавање на проблемот со водоснабдувањето и канализацијата
3. Реконструкција на улици во селата
4. Детски паркови и игралишта

- **Села од реонот на поранешна Општина Цапари**

1. Редовно одржување на уличното осветлување
2. Подобро водоснабдување во селата
3. Реконструкција на улици во селата
4. Реконструкција на Домот на културата во Цапари

- **Села од реонот на поранешна Општина Кукуречани**

1. Реновирање и осветлување на локалните патишта и улици
2. Асфалтирање на патот од црквата до манастирот во с. Црнобуки
3. Асфалтирање на патот Раштани -Крклино
4. Детски паркови и спортски терени
5. Реконструкција на објектите на „задружните домови"во с. Кукуречани и с. Црнобуки
6. Изработка на проект за канализациска мрежа во село Црнобуки

- **Логоварди и Поешево**

1. Реновирање и осветлување на локалните патишта и улици
2. Реновирање на објектот на месната заедница во с. Логоварди
3. Реновирање на објектот на месната заедница во с. Поешево

- **Долно Оризари, Бошко Најдовски, Карамани и Трн**

1. Комплетна инфраструктура, асфалтирање и осветлување на улиците во Карамани и Трн
2. Соодветно именување и обележување на улиците во Долно Оризари
3. Мал плоштад во Долно Оризари

- **Буково**

1. Реконструкција на стариот објект на Домот на културата
2. Враќање на линијата од градскиот превоз

# СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

За Битола

СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА

СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА